МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА

БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

Наставна програма

# Историја и општество

## за V одделение

Скопје, 2025 година

# ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

| | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | ***Историја и општество*** |
| **Вид/категорија на наставен предмет** | Задолжителен |
| **Одделение** | V (петто) |
| **Теми/подрачја во наставната програма** | • ***Поединецот и општеството***<br>• ***Населението и континентите***<br>• ***Изучување на минатото*** |
| **Број на часови** | 2 часа неделно/72 часа годишно |
| **Опрема и средства** | • Дигитални паметни (смарт) уреди.<br>• Учебник.<br>• Енциклопедии, речници, географски атлас.<br>• Физичко-географска карта на светот – размер 1 : 50 000.<br>• Политичко-географска карта на светот.<br>• Визуелни прикази за карактеристиките на населението на континентите (боја на кожа, традиција...).<br>• Сложувалки со слики од главните градови на поголемите држави во светот.<br>• Календар за сметање на времето и илустрации од историски календари.<br>• Илустративен приказ на историските периоди.<br>• Прикази за археолошки наоѓалишта во светот и нашата држава.<br>• Временска лента за настани од минатото, од праисторијата до денес.<br>• Универзалната декларацијата за човекови права.<br>• Фотографии од борците за човекови права (Роза Луксембург, Мартин Лутер Кинг и Нелсон Мандела).<br>• Списанија, весници, интернет-портали, социјални мрежи.<br>• Аудиовизуелни снимени содржини, апликации, прилагодени на возраста. |

| | |
|---|---|
| | • Други извори на учење – појави, настани, предмети во околината, меѓу луѓето или во општеството (споменици на културата, музеи, библиотеки, национални институции). |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставата по предметот Историја и општество во петто одделение може да ја изведува:<br>• професор/наставник/учител по одделенска настава, VII/1 или VI А (според МРК) и 240 ЕКТС. |

## ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ

Резултатите од учење наведени во наставната програма водат кон стекнување на следните компетенции опфатени со подрачјето ***Општество и демократска култура*** од Националните стандарди:

| | *Ученикот/ученичката знае и/или умее:* |
|---|---|
| VI-A.1 | да објасни како општествените фактори влијаат врз личноста и средината и да ги зема предвид при формирање мислење и донесување одлуки; |
| VI-A.2 | да го анализира сопственото однесување со цел да се подобри, поставувајќи си реални и остварливи цели за активно делување во заедницата; |
| VI-A.3 | да ги формулира и аргументира своите гледишта, да ги сослушува и анализира туѓите гледишта и со почитување да се однесува кон нив, дури и тогаш кога не се согласува; |
| VI-A.4 | да прави критичка рефлексија за различните лични и општествени вредности и однесувања во различни контексти (особено во етички сензитивните ситуации), да ги почитува општествено прифатените норми и вредности, но и да ги предизвикува кога мисли дека тоа е потребно; |
| VI-A. 5 | да ги разбира разликите меѓу луѓето по која било основа (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |
| VI-A. 6 | да препознава присуство на стереотипи и предрасуди кај себе и кај другите и да се спротивставува на дискриминација; |
| VI-A.7 | да препознава манифестација на вербално и физичко насилство во сопственото опкружување, да ги согледува последиците од насилството и да се спротивставува на него; |
| VI-A.8 | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите; |
| VI-A.9 | да препознае ранливи групи во општеството, да учествува во хуманитарни и волонтерски акции и истите да ги поддржува; |

| | |
|---|---|
| VI-А.11 | да ги применува правилата и прописите за безбедно учество во сообраќајот; |
| VI-А.12 | критички да анализира и дискутира за вредностите на граѓанското општество, различните улоги и однесувања на граѓаните и за својата улога во него; |
| VI-А.13 | да го анализира концептот на човековите права и правата на децата, да идентификува случаи на повреда на правата и да презема активности за нивно неселективно почитување; |
| VI-А.14 | да ги анализира и дискутира одговорностите на извршната, законодавната и судската власт во правната држава и улогата на државата во заштитата на човековите права; |
| VI-А.15 | да идентификува ситуации во кои граѓаните можат да влијаат врз животот во заедницата и да се ангажира за подобрување на состојбите; |
| VI-А.16 | да препознава ситуации на злоупотреба на моќта, да го објаснува штетното влијание на корупцијата врз единката, групата и општеството и да се спротивставува на ваквите појави во опкружувањето; |
| VI-А.18 | критички да анализира закани од небалансираниот развој врз животната средина и активно да придонесува кон нејзината заштита и унапредување; |
| VI-А.19 | да ја објаснува важноста на демократските процеси во општеството и да ги применува принципите на демократско учество во рамките на училиштето; |
| VI-А.21 | да го разликува значењето на поимите: нација, народ, етничка заедница, граѓани и индивидуи; на појавите: етничка и национална припадност, патриотизам и национализам, мнозинство и малцинство; како и на концептите: територија, регион, држава, општество, власт и сл. и соодветно да ги користи во различните контексти на кои се однесуваат; |
| VI-А.22 | да ги идентификува и почитува сите национални симболи на државата Република Северна Македонија и да манифестира чувство на припадност кон државата; |
| VI-А.23 | да ги идентификува географските карактеристики на континентите, регионите и државите во светот и да ги поврзува со нивниот општествен развој; |
| VI-А.24 | да ги идентификува географските карактеристики на нашата држава и да ги поврзува со општествениот развој; |
| VI-А.25 | да ги објаснува карактеристиките на природните и општествените средини и нивната поврзаност со организацијата на животот на луѓето; |
| VI-А.27 | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка) на сопствениот народ и на историите на другите народи кои живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато; |
| VI-А.29 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу најзастапените религии во светот и атеизмот/агностицизмот, со посебен акцент врз етичките норми и вредностите што ги застапуваат. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| VI-Б. 1 | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус итн.); |

| | |
|---|---|
| VI-Б. 2 | сите луѓе, вклучувајќи ги и децата, имаат право да ги изразуваат своите мислења и ставови и да учествуваат во донесувањето одлуки кои се поврзани со нивните потреби и интереси; |
| VI-Б.4 | неселективното почитување на човековите права и слободи е клучно за добросостојбата на поединците и за општеството во целина; |
| VI-Б.5 | еднаквоста, рамноправноста и социјалната кохезија се неопходни за успешно функционирање на заедницата; |
| VI-Б.6 | личниот ангажман и соработката со другите се битни за остварување заеднички јавен интерес; |
| VI-Б.7 | секој граѓанин е должен одговорно да се однесува кон сограѓаните, заедницата и општеството во целина, постојано имајќи ги предвид последиците од своите постапки по другите и околината; |
| VI-Б. 8 | секој граѓанин е должен да ги почитува законите, правилата и прописите кои го регулираат однесувањето на луѓето и функционирањето на институциите; |
| VI-Б.9 | секој граѓанин треба да презема одговорност за промените во природата предизвикани од активностите на човекот; |
| VI-Б.11 | секој има право да избере која религија ќе ја смета за своја, односно да избере да не припаѓа на ниту една религија/вера, без да има последици од направениот избор; |
| VI-Б.12 | нашата држава е мултикултурно/мултиетничко општество во кое живеат припадници на различни култури/етникуми и секој нејзин граѓанин е одговорен да придонесува за интеркултурна размена и за почитување на човековите права во интерес на заедничкото живеење во интегрирано, етнички кохезивно општество; |
| VI-Б. 13 | националниот идентитет, кој произлегува од припадноста на државата Република Северна Македонија, е битна компонента на идентитетот на сите граѓани на државата. |

Наставната програма вклучува и релевантни компетенции од следните подрачја на Националните стандарди: ***Дигитална писменост***, ***Личен и социјален развој***, ***Техника, технологија и претприемништво*** и ***Уметничко изразување и култура***:

| | *Ученикот/ученичката знае и умее:* |
|---|---|
| IV-А.2 | да процени кога и на кој начин за решавање на некоја задача/проблем е потребно и ефективно користење на ИКТ; |
| IV-А.3 | да користи различни начини на организирање и безбедно чување и споделување на содржини на различни уреди и мрежи во дигиталното опкружување; |
| IV-А.4 | во соработка со други да анализира проблем, да развие идеја и план за негово истражување и решавање и да испланира кога и за што ќе користи ИКТ; |
| IV-А.5 | да определи какви информации му/ѝ се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини; |
| IV-А.7 | да одбере и користи соодветни ИКТ-алатки за комуникација, безбедно да сподели информации, да контактира и да соработува со други на онлајн проекти, во социјални активности или за лични потреби; |

| | |
|---|---|
| IV-А.8 | на безбеден и одговорен начин да ги користи дигиталните содржини, образовните и социјалните мрежи и дигиталните облаци; |
| IV-А.9 | во комуникацијата со други во мултикултурниот дигитален простор, ги почитува различните учесници и ги следи правните, културните и етичките норми во однесувањето во дигиталниот простор; |
| IV-А.10 | да се грижи за својот дигитален идентитет, безбедност и репутација и да ги почитува политиките за приватност; |
| IV-А.12 | да истражува можности за користење на различни модели и симулации, комбинирање статични и динамички претставувања, звук, текст и слики за да модифицира или создаде едноставни креативни мултимедиумски продукти со конкретна намена и за определена публика; |
| IV-А.13 | да дефинира критериуми за квалитет на дигитални продукти и решенија, вклучувајќи ги иновативноста и корисноста; |
| V-А.3 | да ги идентификува различните компоненти на сопствениот идентитет кој се гради врз основа на припадноста на различни социјални групи (на пример: родов, етнички и национален идентитет) и на различните улоги кои ги има во животот (на пример: ученик, син/ќерка); |
| V-А.4 | да прави процена на сопствените способности и постигања (вклучувајќи ги силните и слабите страни) и врз основа на тоа да ги определува приоритетите кои ќе му/ѝ овозможат развој и напредување; |
| V-А.5 | да ги препознава емоциите кај себе и кај другите, да ги согледа последиците од сопствените емоционални реакции во различни ситуации и да користи соодветни стратегии за справување со емоциите; |
| V-А.6 | да си постави цели за учење и сопствен развој и да работи на надминување на предизвиците кои се јавуваат на патот кон нивно остварување; |
| V-А.7 | да ги користи сопствените искуства за да си го олесни учењето и да го прилагоди сопственото однесување во иднина; |
| V-А.8 | да го организира сопственото време на начин кој ќе му/ѝ овозможи ефикасно и ефективно да ги оствари поставените цели и да ги задоволи сопствените потреби; |
| V-А.9 | да ги предвиди последиците од своите постапки и од постапките на другите по себеси и по другите; |
| V-А.10 | да применува етички начела при вреднување на правилното и погрешното во сопствените и туѓите постапки и да манифестира доблесни карактерни особини (како што се: чесност, правичност, почитување, трпеливост, грижа, пристојност, благодарност, решителност, одважност и самодисциплина); |
| V-А.11 | да дејствува самостојно, со целосна свесност од кого, кога и како може да побара помош; |
| V-А.12 | успешно да се справува со социјалните притисоци; |
| V-А.13 | да комуницира со другите и да се презентира себеси соодветно на ситуацијата; |
| V-А.14 | да слуша активно и соодветно да реагира, покажувајќи емпатија и разбирање за другите и да ги искажува сопствените грижи и потреби на конструктивен начин; |
| V-А.15 | да соработува со други во остварување на заеднички цели, споделувајќи ги сопствените гледишта и потреби со другите и земајќи ги предвид гледиштата и потребите на другите; |

| | |
|---|---|
| V-A.16 | да ги препознава проблемите во релациите со другите и да приоѓа конструктивно во разрешување на конфликтите, почитувајќи ги правата, потребите и интересите на сите вклучени страни; |
| V-A.17 | да бара повратна информација и поддршка за себе, но и да дава конструктивна повратна информација и поддршка во корист на другите; |
| V-A.18 | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките; |
| V-A.19 | да дава предлози, да разгледува различни можности и да ги предвидува последиците со цел да изведува заклучоци и да донесува рационални одлуки; |
| V-A.21 | да го анализира, проценува и подобрува сопственото учење; |
| VII-A.9 | активно да учествува во тимска работа според претходно усвоени правила и со доследно почитување на улогата и придонесот на сите членови на тимот; |
| VIII-A.3 | да ги изразува сопствените идеи, искуства и емоции, користејќи уметнички или други форми на креативно изразување (индивидуални или колективни); |
| VIII-A.5 | да манифестира познавање на сопствената култура и на различните начини на нејзино изразување преку литературата и визуелните уметности, музиката и танците,градбите и другите културни продукти; |
| VIII-A.6 | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и меѓузависност; |
| VIII-A.7 | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти; |
| VIII-A.10 | да ги идентификува и преиспитува стереотипите и предрасудите кон припадниците на другите културни групи што се манифестираат во неговото/нејзиното опкружување; |
| VIII-A.12 | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура туку и низ перспективата на другите култури. |
| | *Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:* |
| IV-Б.1 | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење – ги олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативноста и иновативноста, нуди разни можности за забава; |
| IV-Б.2 | неодговорното и неумешното користење на ИКТ има ограничувања и може да носи ризици за поединецот или за општеството; |
| IV-Б.3 | потенцијалите на ИКТ ќе се зголемуваат и треба да се следат и користат, но и дека треба да се има критичен однос кон веродостојноста, доверливоста и влијанието на податоците и информациите кои се достапни преку дигиталните уреди; |
| IV-Б.4 | во дигиталниот простор е важно да се обезбеди заштита на идентитетот, приватноста и емоционалната сигурност, да не се користи говор на омраза и кибернасилство и да се почитуваат правилата и нормите на комуницирање во дигиталните заедници; |

| | |
|---|---|
| IV-Б.5 | информациите достапни во дигиталниот простор треба да се користат етички, според дефинирани правила и за добро на луѓето; |
| V-Б.2 | осознавањето на сопствениот идентитет придонесува за јакнење на самодовербата и за развојот на личноста; |
| V-Б.3 | сопствените постигања и добросостојба во најголема мера зависат од трудот кој самиот/самата го вложува и од резултатите кои самиот/самата ги постигнува; |
| V-Б.4 | секоја постапка која ја презема има последици по него/неа и/или по неговата/нејзината околина; |
| V-Б.7 | иницијативноста, упорноста, истрајноста и одговорноста се важни за спроведување на задачите, за остварување на целите и за надминување на предизвиците во секојдневните ситуации; |
| V-Б.8 | интеракцијата со другите е двонасочна – како што има право од другите да бара да му/ѝ биде овозможено задоволување на сопствените интереси и потреби, така има и одговорност да им даде простор на другите да ги задоволат сопствените интереси и потреби; |
| V-Б.9 | барањето повратна информација и прифаќањето конструктивна критика водат кон личен напредок на индивидуален и социјален план; |
| VII-Б.4 | работната етика, културната чувствителност и односот кон другите се значајни за креирање и одржување позитивна работна клима; |
| VII-Б.5 | ресурсите не се неограничени и дека е потребно одговорно да се користат; |
| VIII-Б.3 | почитувањето и промовирањето на сопствената култура придонесуваат за јакнење на културниот идентитет и дигнитет; |
| VIII-Б.4 | културниот диверзитет влијае врз развојот на идентитетот на припадниците на различни култури; |
| VIII-Б.5 | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можност за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување; |
| VIII-Б.6 | почитувањето и промовирањето на другите култури придонесуваат за обезбедување почит за сопствената култура од страна на другите. |

# РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ

Тема: ***ПОЕДИНЕЦОТ И ОПШТЕСТВОТО***

Вкупно часови: 29 часа

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. прави разлика меѓу лоши постапки, неправди и лаги наспроти морално/добро однесување;
2. ги идентификува факторите на социјализација и да објаснува како тие влијаат на формирање на личноста;
3. прави разлика меѓу етничка и државна/национална припадност и да објаснува како припадноста на овие и на други општествени групи го определува идентитетот на секој поединец;
4. ги објаснува базичните принципи на човековите права, да ги поврзува правата со одговорностите и да препознава ситуации на повреда на правата на детето во секојдневниот живот.

Ученикот/ученичката ќе развива:

5. позитивен однос кон националната/државната припадност;
6. критички однос кон нееднаквоста, дискриминацијата и расизмот;
7. свесност за потребата од почитување на правата на детето.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Етички вредности (чесност, вистинољубивост, праведност, лажење, уценување, подмитување, клеветење, неправда) | • Дава примери за неетичко однесување (лажење, уценување, подмитување, клеветење, неправда).<br>• Ја објаснува потребата од почитување на етичките вредности (чесност, вистинољубивост, праведност).<br>• Наведува аргументи со кои се осудува нанесена неправда. |
| • Социјализација (општествени/социјални норми, личност, фактори на социјализација) | • Ја објаснува социјализацијата како процес преку кој децата учат како да станат членови на општеството.<br>• Ја објаснува улогата на општествените (социјалните) норми во животот на луѓето.<br>• Наведува примери од реалноста преку кои ја објаснува улогата на семејството, училиштето, врсниците/другарите и медиумите во процесот на социјализација.<br>• Ја објаснува улогата на социјализацијата во формирањето на личноста. |

| | |
|---|---|
| • Припадност на различни групи (општествена/социјална група, идентитет, национална/државна припадност, етничка припадност, граѓани) | • Објаснува (преку примери) како припадноста на различни општествени групи го определува идентитетот на секој поединец.<br>• Ја објаснува (преку пример) разликата меѓу национална/државна и етничка припадност.<br>• Ја објаснува улогата на граѓаните која произлегува од припадноста на државата преку наведување како се покажува почит кон сопствената држава. |
| • Човекови права (Универзалната декларација за човекови права, човекови права, слобода, принципи на универзалност, неотуѓивост, еднаквост и недискриминација, дискриминација, Роза Луксембург, Мартин Лутер Кинг) | • Објаснува, преку пример, дека основните човекови права произлегуваат од потребите на луѓето за опстанок, развој и напредок во општеството.<br>• Наведува кога и каде е донесена Универзалната декларација за човекови права и објаснува зошто.<br>• Ги објаснува, преку примери, базичните принципи на човековите права (универзалност, неотуѓивост, еднаквост и недискриминација).<br>• Препознава дискриминација базирана на разликите меѓу луѓето.<br>• Ја објаснува улогата на Роза Луксембург во борбата за постигнување на правата на жената.<br>• Ги објаснува придобивките за човештвото од борбата на Мартин Лутер Кинг за еднаквост и недискриминација. |
| • Правата на детето (Конвенција за правата на детето, права на преживување, права на развој, заштитни права, права на учество, одговорност) | • Прави разлика меѓу групите права на детето (на преживување, на развој, на заштита и на учество).<br>• Објаснува зошто правата на детето се посебни во однос на човековите права.<br>• Ги поврзува правата со одговорностите.<br>• Препознава ситуации на повреда на сопствените права и на правата на другите. |

**Примери за активности**

- Наставникот подготвува приказни за однесување во кои има примери за лажење (на пример: едно дете бара од друго пари за сендвич кои потоа ги троши за играње видеоигри), за клеветење (на пример: едно дете кажува за друго дете дека украло нешто од самопослуга иако не го сторило тоа со цел да му наштети на угледот), за подмитување (на пример: едно дете му дава пари на друго за да сокрие дека го искршило прозорецот) и за уценување (на пример: едно дете му бара пари на друго за да не им каже на другите дека го искршило прозорецот). Учениците, поделени во групи, добиваат по една приказна и во неа го идентификуваат нечесното однесување и ги наведуваат особините на децата коишто постапуваат нечесно (нечесни и лажливци) и на децата

коишто не го прават тоа (чесни и вистинољубиви). Секоја група ја презентира приказната и направената анализа. На крајот дискутираат за последиците од таквото однесување по децата коишто лажат/клеветат/подмитуваат/уценуваат, по децата на коишто е насочено таквото однесување и по нивните меѓусебни односи. Заеднички се заклучува зошто се важни етичките вредности за градење односи на меѓусебна доверба како кај децата така и кај возрасните.

- Учениците, поделени во групи, глумат ситуации (по една на група) во која се прикажани неетички постапки, како на пример: лажење, уценување, подмитување, клеветење и неправда во кои се вклучени возрасни (може да се користат прилагодени ситуации од претходната активност). За секоја ситуација подготвуваат куса видеоснимка, ја коментираат неетичката постапка што е претставена и од сите видеоснимки заедно прават подолго видео што го прикажуваат пред другите во училиштето или го постираат на фејсбук/веб-страницата на училиштето/паралелката.
- Учениците, поделени во групи, споделуваат сопствени искуства или искуства на свои другари за доживеана неправда во училиште. Потоа избираат една од презентираните ситуации на неправда за која треба да напишат протестно писмо или жалба упатена до претседателот на одделенската заедница, до претседателот на ученичката заедница, до ученикот правобранител, до одделенскиот наставник, до стручната служба или до директорот. Во писмото/жалбата треба кусо да ја опишат ситуацијата на неправда, да аргументираат зошто е тоа неправда и да побараат преземање мерки. Откако секоја група ќе го прочита писмото/жалбата, се води дискусија за тоа што е неправда, кај кого треба да се обратат кога ќе се случи неправда и како може да бидат заштитени.
- Проектна задача. Група ученици со помош на наставникот подготвуваат прашалник со кој ќе ги анкетираат учениците од училиштето за да констатираат присуство на лажење, уценување, подмитување, клеветење и неправда меѓу учениците (примери за прашања: Дали си излажал/-а соученици повеќе од 10 пати во текот на минатата недела?; Дали те излажале соучениците повеќе од 10 пати во текот на минатата недела?; Дали во текот на оваа година си бил/-а уценет/-а од соучениците за нешто?). Добиените резултати ги претставуваат во табела (или на графикон) и заедно со заклучокот кој ја опишува состојбата во училиштето ги објавуваат на огласната табла во училиштето.
- Учениците се подготвуваат за „протести”. Тие, поделени во групи, смислуваат куси пароли кои треба да помогнат во борбата против лажење, уценување, подмитување, клеветење и неправда (на пример: *Биди фер играч!; Почитувај ги другите!; Кој лаже, тој краде!; Уценувачите во затвор!; Пријави мито!; Клеветењето е најголемиот непријател!*). Секоја парола ја запишуваат на посебен лист хартија. Потоа шетаат низ училницата, симулирајќи протест – паролите ги носат високо дигнати и ги извикуваат на глас.
- Се подготвуваат шест ливчиња на кои е напишан по еден од следните зборови: 1) ученик, 2) родител, 3) сосед, 4), пријател, 5) доктор и 6) полицаец. Учениците се делат во шест групи и секоја група влече по едно ливче со задача да одговори: *Какво однесување се очекува од...?* Одговорите треба да се однесуваат на напишаното на извлеченото ливче. Групите ги запишуваат своите одговори и ги презентираат пред сите. Потоа добиваат нова задача – учениците, во рамки на групата, треба да одговорат на прашањето од каде знаат како треба да се однесуваат учениците, родителите, соседите, пријателите, докторите и полицајците. На крајот се води отворена дискусија за да се заклучи дека: а) очекуваното однесување произлегува од правилата што ги

пропишува општеството, б) тие правила се нарекуваат општествени или социјални норми, в) општествените норми се учат во текот на социјализацијата и г) социјализацијата е процес преку кој децата учат како да станат членови на општеството.

- Учениците се делат во четири групи и се подготвуваат за дебата. Секоја група работи на еден од факторите на социјализација: семејството, другарите (врсниците), училиштето и медиумите. Притоа, смислува што е можно повеќе аргументи, поддржани со примери од реалноста, со кои треба на другите да им докаже дека „нивниот" фактор е најважен за тоа што децата ќе научат дека е добро/лошо да го прават и како ќе се однесуваат. Потоа групите наизменично кажуваат по еден аргумент со пример, секој следен пат претставувани од различен член на групата. Секој ја започнува својата аргументација со реченицата: *Семејството/училиштето/другарите/медиумите* (зависно од групата на која припаѓа) *е најважно/се најважни за социјализацијата затоа што*... и наведува еден аргумент проследен со пример. На крајот, во отворена дискусија, се заклучува дека секој фактор е важен и има различно влијание во различни периоди од детството. Се нагласува и дека во процесот на социјализација децата може да научат да ги почитуваат етичките вредности, но и да не ги почитуваат, зависно од тоа што го научиле под влијание на сопственото опкружување (факторите на социјализација).
- Учениците, поделени во мали групи, добиваат работен лист во чиј центар е нацртан круг во кој пишува *ЛИЧНОСТ: однесување кон другите луѓе и кон работата*, а околу него се нацртани повеќе празни кругови. Задачата на групите е во празните кругови да наведат различни особини на личноста преку кои се манифестираат различни начини на однесување на личноста кон другите луѓе и/или кон работата (пример: соработлив/соработлива – соработува со колегите; исполнителен/исполнителна – ги завршува задачите на време). Притоа, се нагласува дека особините не треба да се пишуваат само во машки род, туку треба и во женски род (пример: соработлив/соработлива). По презентацијата на сработеното на групите им се дава нова задача – овој пат да дискутираат зошто личностите се разликуваат според нивните особини и начинот на кој се однесуваат кон другите и кон работата (пример: зошто едни се посоработливи од други, потрудољубиви од други). На крајот се води отворена дискусија за да се заклучи дека личноста се формира во текот на социјализацијата и повеќето особини на личноста кои се манифестираат во однесувањето кон другите и кон работата се учат под влијание на семејството, училиштето, врсниците и медиумите.
- Наставникот ги запишува на табла речениците со кои се опишува себеси, користејќи ги следните елементи: 1) полот, 2) членовите на семејството, 3) професијата, 4) училиштето во кое работи, 5) етничката припадност и 6) националната/државната припадност. Учениците добиваат работен лист со недовршени реченици кои треба да ги довршат, користејќи го претставувањето на наставникот како модел:

  *Јас сум* ________. (Наведува: момче или девојче.)
  *Моето семејство го сочинуваат* ________.
  *Јас сум ученик во* ________ *одделение*. (Ја наведува паралелката.)
  *Учам во основното училиште* ________.
  *Јас сум* ________. (Ја наведува етничката група.)
  *Јас сум од* ________. (Го наведува името на државата.)

По завршување на задачата наставникот ги повикува учениците кои припаѓаат на иста група (според повеќето од елементите во описот) да станат или да се распоредат во различни делови од училницата. Групите се: 1) момчиња и девојчиња, 2) ученици во

конкретното одделение 3) ученици во конкретното училиште, 4) припадници на секоја застапена етничка група посебно и 5) граѓани на Република Северна Македонија. Потоа се води отворена дискусија со цел да се констатира дека меѓу луѓето постојат сличности и разлики во припадноста на групите (пример: припадноста на конкретно семејство ја споделуваат мал број луѓе, припадноста на одредена паралелка повеќе, на одредено училиште уште повеќе, на одредена професија уште повеќе, на одредена етничка група уште повеќе, на одредена држава уште повеќе, а на одреден пол/род најмногу) и дека припадноста на групите го определува нивниот идентитет (пример: не е исто дали е некој ученик во трето или во петто одделение/во основно или во средно училиште, дали некој работи како одделенски наставник или како полицаец), од што понатаму зависи нивниот однос кон различните групи – луѓето чувствуваат поголема приврзаност кон членовите на групите на кои им припаѓаат отколку на другите (на пример: родителите повеќе ги штитат своите деца отколку туѓите, жените лесно се солидаризираат кога се нападните за нешто од мажите).

- Од учениците, поделени во групи, се бара да напишат што знаат за јазикот, традиционалните јадења/десерти, народната музика и доминантната религија на различните етнички групи кои живеат во Република Северна Македонија. Кога ќе завршат, го презентираат напишаното пред сите, надополнувајќи се едни со други. Доколку немаат познавања за различните етнички групи, наставникот ги запознава преку претходно подготвена презентација. Потоа на истите групи ученици им се дава задача на посебен лист од едната страна да го нацртаат знамето на Република Северна Македонија, а од другата страна да наведат што ги прави горди што се граѓани на државата (на пример: мултиетничкиот карактер, природните убавини, некои заеднички особености на граѓаните, како што се: гостопримливост, солидарност...). Кога ќе завршат, го презентираат напишаното пред сите, па во дискусија се констатира дека граѓаните на Република Северна Македонија се разликуваат според етничката припадност, но споделуваат иста државна, односно национална припадност.
- Наставникот подготвува два големи листа хартија (може од флипчарт табла). На врвот на едниот пишува: *Државата Република Северна Македонија ги почитува своите граѓани доколку им обезбеди:...*, а на другиот*: Граѓаните на Република Северна Македонија ја почитуваат својата држава така што:...* Учениците, поделени во групи, даваат одговор на двете прашања. Потоа своите одговори ги запишуваат на големите листови така што групите наизменично наведуваат по еден одговор на едниот и по еден на другиот лист. Кај одговорите кои се повторуваат групите ставаат посебен знак (на пример: ѕвездичка). На крајот наставникот го чита напишаното на листовите и заеднички се резимира дека државата ги почитува своите граѓани (на пример: им обезбедува образование, лекување, зборување на мајчин јазик, можности за вработување, струја и вода) и дека тие ја почитуваат државата (на пример: ги почитуваат симболите на државата, законите, им помагаат на сограѓаните).
- Учениците се поделени во групи и секоја група добива комплет со дваесетина напишани (а по можност и илустрирани) картички и неколку празни картички – на секоја од напишаните картички е претставена една потреба (пример: чист воздух, образование, здрава храна, здравствена заштита) или една желба (пример: сопствена соба, компјутер, велосипед, џепарлак). Нивна прва задача е да ги разгледаат картичките и доколку мислат дека недостасува нешто што тие го сакаат и што им е многу важно, тоа да го напишат (и нацртаат) на празните картички. Откако ќе ги комплетираат картичките, се бара да издвојат осум картички од кои би можеле да се откажат доколку мораат. Откако наставникот ќе ги собере картичките од кои се откажале, од групите бара да се откажат уште од други осум. Секоја група ги лепи преостанатите картички на лист и ги презентира пред другите. Наставникот,

заедно со учениците, констатира кои работи се повторуваат во сите групи, а потоа се дискутира од кои работи полесно се откажале, а од кои потешко и зошто. Наставникот укажува дали во картичките беа прикажани желби и потреби и заеднички се констатира дали тие што беа задржани се потреби или желби. Потоа наставникот укажува на тоа дека потребите се обично работи без кои не е можен опстанок, развој и напредок во општеството и дека од нив произлегуваат човековите права.

- Наставникот ги објаснува човековите права како систем од правила за кои се договориле луѓето на меѓународно ниво и презентира што претставува Универзалната декларација за човекови права, кога и каде е донесена и кој бил поводот за нејзиното донесување. Учениците, поделени во парови, одговараат на квиз со десетина тврдења – определуваат дали даденото тврдење е точно (**Т**) или неточно (**Н**). Тврдењата се однесуваат на базичните принципи на човековите права: универзалност и неотуѓивост (на пример: *Човековите права важат само за граѓаните на богатите земји*. – **Н**; *Бегалците ги имаат истите човекови права како и другите граѓани*. – **Т**; *Човековите права му припаѓаат на секое човечко суштество со самото негово раѓање*. – **Т**; *Човековите права може да им се одземат на луѓето што не ги заслужуваат*. – **Н**), еднаквост и недискриминација *(Сите човечки суштества се родени слободни и со еднакви права*. – **Т**; *Никој не смее да биде дискриминиран врз основа на полот, расата, етничката припадност, религиската припадност, возраста, потеклото, попреченоста или статусот во општеството*. – **Т**; *Оправдано е мажите да заработуваат повеќе од жените*. – **Н**; *На луѓето коишто имаат поинакво мислење треба да им се забрани да зборуваат на телевизија*. – **Н**). Одговорите на учениците се користат во дискусија за да се објасни секој од наведените принципи и објаснението да се поткрепи со примери од секојдневниот живот (на пример: *На девојчињата не смее да им биде забрането да играат фудбал затоа што се девојчиња*.).
- Наставникот најавува дека сите девојчиња од паралелката ќе играат интересна игра, а сите момчиња ќе мора да останат седнати на столчиња, ќе молчат и нема ништо да прават додека трае играта. Девојчињата се делат во групи од по 5 до 6 учеснички и формираат „гасеници“: се редат во колони, фатени за рамениците од позади. Првата во колоната („главата на гасеницата“) треба да ја лови „опашката“, додека „телото на гасеницата“ треба да се движи лево-десно за да ја попречува во тоа. Кога „главата“ ќе ја фати „опашката“, оди на нејзино место (станува „опашка“), а ученичката којашто била зад неа станува „глава“. Активноста трае околу 5 минути и притоа се внимава момчињата воопшто да не учествуваат на каков било начин. По завршување на играта се води дискусија за тоа како им беше на оние што играа, а како на оние што не учествуваа и за тоа колку е правично да се изберат да учествуваат дел од учениците само затоа што се девојчињата. Заеднички се заклучува дека воопшто не е правично различно да се постапува со луѓето поради особини што немаат врска со активноста за која се избираат. Наставникот укажува дека таквото постапување се нарекува дискриминација – секогаш кога на едни им се дозволува нешто што на други им се забранува, без да има вистинска причина за тоа, се прекршува прнципот на еднаквост и се прави дискриминација. На крајот од учениците се бара да наведат и други ситуации од секојдневниот живот кога се постапувало различно со припадници на различни групи и покрај тоа што немало вистинска причина за тоа.
- Учениците се поделени во групи. Половина од групите добиваат задача да го презентираат придонесот на Роза Луксембург во борбата за постигнување на правата на жената, а другата половина да го презентираат придонесот на Мартин Лутер Кинг во борбата за еднаквост и недискриминација. По истражувањето на интернет (можни веб-страници: https://okno.mk/node/25122 ;

https://akademik.mk/megjunaroden-den-na-zhenata-pravata-na-zhenite-se-nerazdeliv-del-od-univerzalnite-chovekovi-prava/ ; https://mk.voanews.com/a/who-was-martin-luther-king/4752610.html) секоја група подготвува куса мултимедијална презентација за „својот“ борец за човекови права со неколку фотографии и 5 реченици во кои освен основните биографски податоци ги наведува и неговите/нејзините заложби, односно придонесот. Секоја од групите кои работат на придонесот на Роза Луксембург подготвува и 5 пароли наменети за протест против дискриминација на жените со кои потоа симулира протест во училницата, а секоја од групите кои работат на придонесот на Мартин Лутер Кинг подготвува и говор со 5 подолги реченици против нееднаквоста и дискриминацијата, кој потоа се чита на „говорница“, со содветна дикција и невербална комуникација.

- Учениците се делат во групи и секоја група добива комплет картички со правата на детето кои треба да ги распореди во четири одделни групи: преживување (пример: право на живот, слобода и сигурност, право на семејство, право на социјална сигурност, право на здравствена и медицинска заштита), развој (пример: право на образование, право на квалитетно образование, право на одмор и слободно време, право на сопствен идентитет, право на употреба на својот јазик), заштита (пример: право на приватност, претпоставка на невиност, сè додека не се докаже спротивното, заштита од експлоатација, заштита од употреба на опојни дроги, заштита од сексуално искористување и сексуална злоупотреба, заштита од малтретирање и негрижа, забрана на ропство) и учество (пример: право на сопствено мислење, слобода на изразување и пристап до информации, слобода на собирање и здружување, слобода на уверување и религија). Наставникот презентира кои права во која група спаѓаат, а учениците споредуваат дали точно ги распоределе картичките. Заеднички се констатира зошто секое од правата спаѓа во наведената група. Потоа се води дискусија (со образложенија) по прашањата: Дали возрасните ги имаат овие права или тие важат само за децата?; Дали децата имаат помалку права од возрасните?; Дали самите деца можат да се изборат за почитување на нивните права? Се заклучува  дека децата ги имаат истите права како возрасните (според принципот на универзалност на Универзалната декларација за човекови права), но се поранливи од возрасните (поизложени на ризици) поради што начинот на остварување на нивните права е поразличен. На крајот наставникот укажува на Конвенцијата за правата на детето од 1989 година која е донесена за да се регулираат специфичностите на детските права.
- Учениците се поделени во групи. Секоја група избира по едно ливче на кое е напишана комбинација од три права (од следните: право на приватност, право на одмор и слободно време, право на здравствена заштита, право на заштита од насилство, право на образование, право на квалитетно образование, право на сопствено мислење, слобода на изразување, право на пристап до информации, право на заштита од сексуално искористување и злоупотреба). За секое од правата на ливчето што го извлекла, групата пишува како децата треба да го практикуваат тоа право во домашен и во училиштен контекст (пример за правото на приватност во домашен контекст: – *Да не се влегува во детската соба без да се тропне на вратата*. – *Да не се читаат пораките од мобилните телефони.*; во училиштен контекст: – *Да не се претура во нечиј ранец без дозвола*. – *Да не се бара објаснување пред сите за отсуството од часот.*). Притоа, наставникот го запишува на табла моделот што треба да се следи:

  *Бидејќи имам право на... /слобода да..., никој дома не смее...*

  *Бидејќи имам право на... /слобода да..., никој во училиште не смее...*

  Откако ќе го презентираат сработеното (едно по друго право), заеднички се констатира дека во секојдневниот живот секое право се практикува на различни начини.

- Учениците, поделени во парови, добиваат работен лист на кој се напишани најмалку 5 детски права. Нивна задача е да го преформулираат наведеното право така што ќе напишат еден начин на практикување на тоа право од нивна страна, започнувајќи со изразот *Имам право*... или *Имам слобода*... и под тоа ќе ја формулираат и напишат одговорноста поврзана со тоа право која произлегува од потребата да не се попречува практикувањето на тоа право. Притоа, тие треба да го применат примерот што наставникот го запишува на табла:

  *Право на квалитетно образование.*

  *Имам право да барам да имам наставници коишто ќе ми објаснуваат за да можам да научам.*

  *Имам одговорност да не ги попречувам наставниците во наставата и другите ученици во учењето.*

  По презентацијата на работата на групите се дискутира што значат одговорностите кои се поврзуваат со правата и се заклучува дека при практикувањето на секое право треба да се имаат предвид ограничувањата во сопственото однесување што го попречуваат сопственото практикување на тоа право, но и практикувањето на тоа право од страна на другите.
- Учениците, поделени во групи, влечат по една ситуација во која е опишана повреда на едно или повеќе права на детето (на пример: ситуација во која една ученичка на писмената работа добила пониска оценка отколку што мисли дека заслужува и бара повратна информација од наставничката, која наместо да ѝ објасни каде погрешила и како да се подобри само ѝ кажува дека оценката е резултат на промашена тема и дека нема право да ја спори оценката). Групите имаат задача да ги подвлечат описите во ситуацијата кои укажуваат на повреда на правата на детето и да ги идентификуваат правата што се повредени (на пример: правото на квалитетно образование, правото на сопствено мислење, правото на пристап до информации). Секоја група ќе ја презентира „својата“ ситуација и ќе ги наведе правата што се прекршени во неа, со образложение од каде се гледа тоа. Потоа наставникот започнува дискусија поттикната од следните прашања/барања: Наведете ситуации од вашето искуство во кои се прекршени вашите права или правата на некое друго дете (ваш другар и/или соученик)!; Кои права им беа прекршени?; Како?

Тема: ***НАСЕЛЕНИЕТО И КОНТИНЕНТИТЕ***

Вкупно часови: 18 часа

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. објаснува како големите географски откритија придонеле за ширење на населението од еден континент на друг;
2. ги реди континентите по големина според површината, според бројот на население и густината на населеност и да прави разлика меѓу најгусто населен континент и континент со најголем број на население;
3. прави разлика меѓу наталитет, морталитет и природен прираст на населението;
4. ги објаснува структурата и движењето на населението во светот;
5. ги наведува најголемите држави на секој континент (според површината и според бројот на население) и нивните главни градови и да ги покажува на географска карта;
6. ја опишува Република Северна Македонија според местоположбата (Европа и Балкански Полуостров), површината, бројот на население и густината на населеност.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Ширење на населеноста на Земјата<br>• Големите географски откритија (Христофор Колумбо, Васко де Гама, Фернандо Магелан, Џејмс Кук) | • Наведува каде и кога се појавиле првите луѓе.<br>• Објаснува како се развивало и ширело населението на Земјата.<br>• Ја објаснува разликата меѓу постојано населени, привремено населени и воопшто ненаселени предели на Земјата.<br>• Ги наведува откритијата на континентите (кога и како се откриени).<br>• Го поврзува откритието на континентите со ширењето на населението на Земјата. |
| • Населението во светот (површина, број на население, густина на населеност, наталитет, морталитет, природен прираст, миграции, боја на кожа, религија) | • Ги споредува континентите според бројот на населението и ги набројува од најголем до најмал според населението.<br>• Ги споредува континентите според површината и ги набројува од најголем до најмал според површината.<br>• Ги споредува континентите според густината на населеност и ги набројува од најгусто населен континент до најретко населен континент (односно ненаселен континент).<br>• Прави разлика меѓу најгусто населен континент и континент со најголем број на население.<br>• Ја поврзува густината на населеност со природниот прираст (наталитет и морталитет) и миграциските движења (доселување и иселување) на населението.<br>• Ги објаснува промените во структурата на населението на континентите под влијание на миграциските движења на луѓето со различна боја на кожа и религиска припадност.<br>• Ги наведува позитивните ефекти од миграциските движења (придонесува за прифаќање на расните, религиските и јазичните разлики меѓу луѓето). |
| • Најголемите држави во светот (држава, главен град) | • Прави разлика меѓу големина на држава според површината и големина на држава според бројот на население.<br>• Ги наведува најголемите држави на секој континент (според површината и според бројот на население) и ги лоцира на политичка карта.<br>• Ги наведува главните градови и најголемите градови на најголемите држави на секој континент и ги лоцира на политичка карта. |
| • Населението, површината и местоположбата на Република Северна Македонија (Балкански Полуостров, соседни држави) | • Ја лоцира Северна Македонија на картата на Европа, како држава на Балканскиот Полуостров.<br>• Ја опишува Северна Македонија според површината и според бројот на населението.<br>• Ги набројува соседните држави на Северна Македонија и нивните главни градови и ги лоцира на карта. |

| | |
|---|---|
| | • Ја споредува големината на Северна Македонија со големината на соседните држави (според површината и според бројот на население) и ги набројува сите според големината. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во мали групи/парови, бараат информации на интернет за големите географски откритија (Христофор Колумбо, Васко де Гама, Фернандо Магелан, Џејмс Кук и сл.) и заеднички дискутираат.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, бараат информации на интернет за места кои воопшто не се населени, а потоа дискутираат кои се причините за тоа.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, бараат информации на интернет и се запознаваат со карактеристиките на населението во светот (бројно движење на населението, наталитет, морталитет, природен прираст, густина на населеност, миграции) и дискутираат за нив.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, бараат информации на интернет за бојата на кожата, различната религиска припадност на населението и употребата на јазиците во светот и дискутираат за сличностите и разликите.
- Учениците, поделени во мали групи/парови, ги прецртуваат контурите на континентите, ги сечат и ги подредуваат според површината која ја зафаќаат почнувајќи од најголемиот. Од разни извори наоѓаат информации за бројот на населението и густината на населеност на континентите и ги запишуваат на контурите од континентите, а потоа дискутираат за добиените податоци.
- Учениците, поделени во мали групи/ парови, изработуваат табеларен приказ за најголемите држави на секој континент со податоци за нивната површина, бројот на население и нивните главни градови.
- Секој ученик чита политичка карта на светот и ги пронаоѓа најголемите држави и нивните главни градови.
- Учениците гледаат репортажа за Антарктикот, а потоа дискутираат за неговата местоположба и население.
- Учениците се делат на две групи. Едната група е „туристичка агенција”, а другата група се претставници на „туристи”. Туристите се обраќаат до туристичката агенција да им организира пат до одредено место на некој континент (при ротирање на групите континентите и местата се менуваат). Туристичката агенција им го планира патувањето, им посочува поголеми држави и градови, број на население и им објаснува зошто треба да ги посетат тие држави и градови. Двете групи со помош на политичка карта на светот ги одредуваат дестинациите и мапираат кои држави и градови треба да ги посетат.

Тема: ***ИЗУЧУВАЊЕ НА МИНАТОТО***

Вкупно часови: 25 часа

**Резултати од учење**

Ученикот/ученичката ќе биде способен/способна да:

1. објаснува како се дели минатото на човештвото на два големи временски периоди – праисторија и историја и да ги разликува основните периоди во рамки на праисторијата и историјата;
2. објаснува како се сметало времето во минатото и како се смета во денешно време;
3. прави разлика меѓу основните видови историски извори и да наведува примери за секој од нив;
4. дава примери на познати археолошки наоѓалишта во светот и на територијата на нашата држава и да ги лоцира временски и просторно.

Ученикот/ученичката сфаќа дека:

5. археолошките наоѓалишта се значајни за осознавање на историјата на светот.

| **Содржини (и поими)** | **Стандарди за оценување** |
|---|---|
| • Историски периоди (временски периоди: година, деценија, век, милениум, ера; историски епохи, праисторија: камено време, метално време; историја: стар век/античка историја, среден век/средновековие, нов век/модерна историја и најново време/современа историја) | • Го определува траењето на основните временски периоди: година, деценија, век, милениум.<br>• Прави разлика меѓу праисторија и историја.<br>• Ги наведува одликите на каменото и металното време и редоследот на нивното јавување.<br>• Ги наведува главните откритија во праисторијата и го опишува нивното влијание врз начинот на живот на луѓето (користење на говорот, појава на огнот, појава на металите, откривање на тркалото).<br>• Ја објаснува улогата на создавањето на писмото за историјата.<br>• Ги наведува првите познати откриени писма (хиероглифското писмо во Египет и клинестото писмо во Месопотамија).<br>• Ја претставува поделбата на периодот пред нашата ера и периодот на нашата ера на временска лента.<br>• Ги наведува основните историски периоди (стариот век/античка историја, средниот век/средновековие, новиот век/модерна историја и најново време/современа историја) и ги лоцира на временска лента. |
| • Сметање на времето низ историјата (египетски календар, асирски календар, исламски календар, еврејски календар, јулијански календар, грегоријански календар) | • Ги објаснува основните карактеристики на сметање на времето низ историјата и наведува примери за различните начини на сметање на времето во минатото.<br>• Го опишува начинот на пресметување на времето според различни календари кои се користеле во минатото во различни делови од светот.<br>• Го објаснува сметањето на времето според грегоријанскиот календар. |
| • Историски извори | • Ги именува видовите историски извори (материјални и пишани) и ги опишува според карактеристиките.<br>• Наведува примери за секој вид историски извор. |

| | |
|---|---|
| (материјални извори, пишани извори; археолошки наоѓалишта, архиви, музеи) | • Ги поврзува различните видови историски извори со институциите во кои се чуваат (архив, музеј, библиотека). |
| • Познати археолошки наоѓалишта во светот и нивното откривање (Стоунхеџ, Кинескиот ѕид, пирамидите во Гиза, Мачу Пикчу, Чичен Ица, Акропол, Римскиот колосеум)<br><br>• Археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава и нивното откривање (Кокино, Скупи, Стоби, Хераклеја, Самоилова тврдина) | • Наведува и опишува познати археолошки наоѓалишта во светот.<br>• Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта во светот (на географска карта и на временска лента).<br>• Наведува и опишува познати археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава.<br>• Временски и просторно ги лоцира познатите археолошки наоѓалишта на територијата на нашата држава (на географска карта и на временска лента).<br>• Ги лоцира остатоците од поблиското и подалечното минато во околината на своето место на живеење. |

**Примери за активности**

- Учениците, поделени во групи, изработуваат 10 ленти од по 1 метар (претставуваат еден милениум) и ги составуваат една со друга, 1 лента од 1 метар, т.е. 100 сантиметри (претставува еден век), 1 лента од 10 сантиметри (претставува деценија) и една лента од 1 сантиметар (претставува една година). Лентите ги редат на начин кој ќе овозможи визуелна споредба на временските периоди што ги прикажуваат. Подредуваат од најдолг до најкус временски период. Алтернативно, лентите може да се нацртаат во училишниот двор. Потоа дискутираат што претставува време од десет години (деценија), од сто години (век), од илјада години (милениум).
- Наставникот ја објаснува праисторијата како период кој започнува со појавата на човекот и ги објаснува главните одлики на праисторијата. Потоа учениците, поделени во групи, на интернет бараат информации за да одговорат на прашањата: *Како живееле луѓето во праисторијата?*; *Зошто одреден период од праисторијата се нарекува камено, а одреден период метално време?*; *Што придонело така да се наречат?*; *Кои пронајдоци влијаеле на промената на начинот на живот на луѓето во тоа време?* Информациите ги презентираат пред другите и преку отворена дискусија ги извлекуваат заклучоците.
- Учениците изведуваат активност „Торбата од минатото”. Од затворена торба влечат илустрации на предмети од праисторијата и сцени од животот во праисторијата во кои се прикажани главните откритија и ги поставуваат на претходно изработена временска лента со обележано камено и метално време.

- Наставникот, преку визуелна презентација, прикажува како изгледаат првите писмени артефакти и на кој простор се пронајдени. Учениците (поделени во групи) добиваат работен лист со знаци од некое од старите писма со нивното значење. Нивна задача е на голем лист хартија да препишат некои од нив и по можност да ги групираат како во „реченица”. Секоја група ги презентира напишаните „реченици” и го толкува нивното значење. Се води дискусија преку која учениците го согледуваат значењето на писмото и можноста тоа што ќе се запише да се пренесе на другите генерации. На крајот се заклучува дека периодот од развојот на човештвото до појавата на писмото (период за кој нема пишани документи) се нарекува праисторија, а периодот од појавата на писмото до денес се нарекува историја.
- Наставникот на табла црта временска лента на која се прикажани периодите од историјата (стариот, средниот и новиот век), вклучително и границата меѓу периодот пред нашата ера и периодот на нашата ера. Учениците, поделени во групи, изведуваат активност „Торбата од минатото” во која претходно се ставени: 1) фотографии на познати личности од различни историски периоди со нивните имиња и години кога живееле (на пример: Клеопатра, Александар Македонски, Аристотел, Никола Коперник, Марко Поло, Скендербег, Катерина Велика, кралицата Викторија, Гоце Делчев), 2) илустрации на познати настани од различни периоди на историјата со нивните називи и годините кога се случиле (пример: изградбата на Виа Игнација, уништувањето на Помпеја, преселбата на Словените, Самоиловото царство, крстоносните војни, големата чума во Европа, Првата индустриска революција, откривањето на Америка) и 3) мапи или симболи кои прикажуваат стари цивилизации, царства или градови држави со називот и годините кога постоеле (пример: Месопотамија, Картагина, Римско Царство, Византија, Венеција). Секоја илустрација, освен со назив и година/-и е проследена и со кус текст (1 до 2 реченици). Секоја група наизменично влече по една од илустрациите од торбата и ја поставува на временската лента. На крајот заеднички се наведува што е лоцирано во секој од трите периоди.
- Учениците ги лоцираат периодите од праисторијата и историјата на концептуална мапа.
- Наставникот, преку визуелна презентација, објаснува што претставува календарот во кој е прикажана тековната година. Учениците добиваат пишан календар или користат календар на електронски уред за да утврдат како се организирани деновите, неделите и месеците во рамки на годината за која важи календарот. Со учениците се дискутира за што се користи календарот во секојдневниот живот со цел да се извлече заклучок дека календарот претставува систем за прикажување на времето за различни намени (за определување кои денови се работни, а кои се викенди и празници, за планирање на работата, слободното време итн.). Потоа наставникот го воведува поимот за календар како средство за пресметување на времето така што укажува дека начинот на кој се пресметува и прикажува времето денес се разликува од тоа како било во минатото.
- Учениците, поделени во групи, добиваат задача да истражат како се смета времето (кога почнувала годината, колку месеци имала, колку недели и денови, кога почнувале итн.) според египетскиот, асирскиот, исламскиот, еврејскиот и јулијанскиот календар (по еден за секоја група). Секоја група подготвува мултимедијална презентација во која освен што прикажува кога настанал и каде се користел календарот што го истражувала го споредува со официјалниот календар што се користи денес (на пример: според начинот на кој се определува годината, колку трае годината, временските периоди кои ја определуваат итн.). По

презентациите од сите групи, преку дискусија, се согледува разликата меѓу старите календари и се заклучува врз основа на што се пресметувало времето во минатото (движењето на Сонцето, Месечината, ѕвездите/планетите).

- Наставникот, преку визуелна презентација, објаснува кога и зошто е воведен грегоријанскиот календар што се користи денеска во целиот свет при официјалното прикажување на времето. Во дискусија се резимираат разликите меѓу старите календари и грегоријанскиот календар. Потоа учениците, поделени во групи, истражуваат за кои намени сѐ уште се користат јулијанскиот, исламскиот и еврејскиот календар во нашата држава. По нивните презентации заеднички се заклучува за улогата на старите календари при определување на верските празници.
- Наставникот објаснува дека за историјата се учи преку податоци за минатото од различни извори кои може да бидат материјални и пишани. Учениците ги користат мобилните телефони за одговарање на прашања преку ментиметар – за секоја илустрација што им ја прикажува наставникот (на пример: историска мапа; фотографија на лице или настан од минатото; археолошка ископина, како на пример: монета или друг предмет; писмо или друг документ од минатото; дневник кој опишува настан од минатото или живот на позната личност), секој ученик индивидуално (или секоја група одделно, доколку се поделени во групи) определува дали дадената илустрација прикажува материјален или пишан извор. По секоја илустрација се објаснува точниот одговор и се коментираат графиконите на кои се претставени одговорите на учениците. На крајот учениците резимираат – ги групираат дадените примери во двата вида извори и наведуваат и други примери за секој вид.
- Наставникот, преку визуелна презентација, им ги претставува на учениците институциите во кои се чуваат историски извори: археолошки музеј (https://mdz.matterport.com/shonj/?m=1zAEcDjfadcDj&utm_source=4 ; http://tours.rcku.org.mk/eu/Muzej-Kumanovo/ ; https://www.google.co.uk/maps/|51.5192048,-0.1274951,2a,75y,172.87h,89.26t/data=!3m6!1e1!3m4!1sFyBuFtvu6FeVvVVc5--uiw!2e0!7i13312!8i6656?hl=en ), архив (https://arhiv.mk/ ; https://njnjnj.nationalarchives.gov.uk/museum/) и библиотека (http://nubsk.edu.mk/ ; .....). Додека ги гледаат презентациите, учениците запишуваат на лист пред себе каков вид извори идентификувале во секоја од презентираните институции. На крајот заеднички ги поврзуваат различните видови историски извори со институциите во кои се чуваат.
- Наставникот користи визуелни презентации за следните археолошки наоѓалишта: Стоунхеџ (https://www.english-heritage.org.uk/visit/places/stonehenge/history-and-stories/stonehenge360/ ), Кинескиот ѕид (https://www.youtube.com/watch?v=WXIfF7TN1QQ ), пирамидите во Гиза (https://www.mentalfloss.com/article/645564/take-virtual-tour-pyramids-giza ), Мачу Пикчу (https://www.youvisit.com/tour/machupicchu ), Чичен Ица (https://www.airpano.com/360photo/chichen-itza-mexico/ ), Акропол (https://www.acropolisvirtualtour.gr/) и Римскиот колосеум (https://historyview.org/library/roman-colosseum/ ). Секое одделно наоѓалиште учениците прво го гледаат преку виртуелна тура. Потоа, поделени во групи, опишуваат што виделе и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат кој го изградил, каде се наоѓа и од кога потекнува и наодите ги презентираат пред сите. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента.

- Наставникот користи визуелни презентации за следните археолошки наоѓалишта во нашата држава: Кокино (http://tours.rcku.org.mk/eu/Kokino/), Стоби (https://macedoniafromabove.mk/stobi/), Хераклеја (https://bitola.info/heraclea-lyncestis-bitola/ ), Самилова тврдина (http://macedoniafromabove.mk/ohrid/index.htm). Секое одделно наоѓалиште учениците прво го гледаат преку виртуелна тура. Потоа, поделени во групи, опишуваат што виделе и тоа го споделуваат пред сите, а наставникот укажува на значењето на самото наоѓалиште. Следно, учениците во истите групи самите истражуваат каде се наоѓа и од кога потекнува и наодите ги презентираат пред сите. Истата постапка се повторува за секое наоѓалиште одделно. На крајот секое наоѓалиште го лоцираат на географска карта и на временска лента.
- Учениците, поделени во групи, подготвуваат мултимедијални презентации на визуелни историски извори од поблиското и подалечното минато во околината на своето место на живеење. Во презентацијата може да вметнат и усни извори – сеќавања на постарите жители како поткрепа на визуелните извори од поблиското минато. Секоја група го презентира подготвеното пред другите.

## ИНКЛУЗИВНОСТ, РОДОВА РАМНОПРАВНОСТ/СЕНЗИТИВНОСТ, ИНТЕРКУЛТУРНОСТ И МЕЃУПРЕДМЕТНА ИНТЕГРАЦИЈА

Наставникот обезбедува инклузивност преку вклучување на сите ученици во сите активности за време на часот. Притоа, овозможува секое дете да биде когнитивно и емоционално ангажирано преку користење на соодветни приоди (индивидуализација, диференцијација, тимска работа, соученичка поддршка). При работата со учениците со попреченост применува индивидуален образовен план (со прилагодени резултати од учење и стандарди за оценување) и секогаш кога е можно користи дополнителна поддршка од други лица (лични и образовни асистенти, образовни медијатори, тутори волонтери и професионалци од училиштата со ресурсен центар). Редовно ги следи сите ученици, особено оние од ранливите групи, за да може навремено да ги идентификува тешкотиите во учењето, да ги поттикнува и поддржува во постигнувањето на резултатите од учењето.

При реализација на активностите наставникот еднакво ги третира и момчињата и девојчињата, при што води грижа да не им доделува родово стереотипни улоги. При формирање на групите за работа настојува да обезбеди баланс во однос на полот. При избор на дополнителни материјали во наставата користи илустрации и примери кои се родово и етнички/културно сензитивни и поттикнуваат родова рамноправност, односно промовираат интеркултурализам.

Секогаш кога е можно наставникот користи интеграција на темите/содржините/поимите при планирањето и реализацијата на наставата. Интеграцијата овозможува учениците да ги вклучат перспективите на другите наставни предмети во она што го изучуваат во овој наставен предмет и да ги поврзат знаењата од различните области во една целина.

## ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

За да овозможи учениците да ги постигнат очекуваните стандарди за оценување, наставникот континуирано ги следи активностите на учениците и нивното учество за време на поучувањето и учењето и прибира информации за напредокот и постигањата на учениците. Усната повратна информација се дава континуирано и во неа се укажува на нивото на успешност во реализацијата на активноста/задачата и се даваат насоки за подобрување (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето. За таа цел наставникот ги следи и оценува:

- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соучениците,
- придонесот во групните активности,
- учеството во истражувањата,
- изработката на проектите,
- одговорите на квизови кои се дел од поучувањето,
- придонесот во изведување на заклучоците,
- работните листови,
- домашните задачи,
- практичните изведби поврзани со стандардите за оценување.

По завршување на учењето на секоја тема ученикот добива сумативна оценка за постигнатите стандарди за оценување. Врз основа на напредувањето констатирано преку техниките и методите во формативното оценување се изведува сумативната оценка за постигањата на ученикот. Постигањата на ученикот во текот на наставната година се запишуваат со описни оценки, а на крајот на првото полугодие и на крајот на учебната година ученикот добива бројчана сумативна оценка.

| | |
|---|---|
| **Почеток на имплементација на наставната програма** | учебна 2025/2026 година |
| **Институција/<br>носител на програмата** | Биро за развој на образованието |
| **Согласно член 30, став 3 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 161/19, 229/20 и 3/25) министерката за образование и наука ја донесе наставната програма по *Историја и општество* за V одделение.** | бр. 12-1900/2<br>29.1.2025 година<br><br>Министерка за образование и наука,<br>проф. д-р Весна Јаневска, с.р.<br><br>______________________________ |